СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел.бр.69

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 септември 1991 година

Скопје, септември 1991 година

**22-ра СЕДНИЦА,ОДРЖАНА НА 2.IX. 1991 ГОД.**

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОГА НА СТР.2


| ДПСКУТАНТИ: | СТР: |
|---|---|
| СТОЈАН АНДОВ | 1,46 |
| КИРИО ГЛИГОРОВ | 3(Експозе -Декларација од вонредниот министерски состанок на Европската заедница во Брисел од 27.VIII.1991 ) |
| ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ | 21 |
| ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ | 51 |
| ЏЕЛАДИН МУРАТИ | 55 |
| ФАИК АДДИ | 57 |
| ПАНЧЕ МИНОВ | 58 |
| ДОСТА ДИМОВСКА | 41 |
| БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | 45 |

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 септември 1991 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 17,20 часот.

Седницата на Собранието ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

*-

СТОЈАН АНДОВ:

Ја отворам 22-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Чкатроски и Ламбе Арнаудов, ме из-вестија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницава.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата поканети се и присуствуваат: претседателот на Република Македонија, господин Киро Глигоров; членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија господинот Васил Тупурковски; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Дами и господа пратеници, во договор со координаторите на пратеничките групи и со независните пратеници, со пратеничките групи застапени во македонскиот Парламент ја свикав оваа седница на Собранието на Република Македонија и предлагам денеска да работиме со единствена точка на дневен ред - Декларација за Југославија на Европската заедница.

Со давањето целосна поддршка на Декларацијата за Југос-лавија на Европската заедница, длабоко верувам, ги изразуваме уште еднаш определбите на нашево Собрание и пошироко на сите граѓани во Македонија југословенската криза да се разреши по мирен и демократски пат.

Декларацијата за Југославија на Европската заедница и нејзиното операционализирање, потпишувањето на двата значајни документи - Спогодбата за прекин на огнот во Хрватска и Меморандумот за согласност за проширување на посматрачките активности на Европската заедница во Југославија значат огромен придонес на Европа и Светот во нашата земја да завладее мирот и разумот и да престане војната што секојдневно одзема човечки животи и носи големи разурнувања.

Затоа, Собранието треба безрезервно да ја прифати Декларацијата за Југославија и со тоа верувам дека го изразувам и нашето расположение, дами и господа пратеници, дека тоа претставува уште еден чин и израз на нашето расположение во Македонија за живеење и творење во мир и демократско разрешување на состојбите во земјата.

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

- Декларација за Југославија од вонредниот министерски состанок на Европската заедница во Брисел од 27 август 1991 година.

Дали Собранието го усвојува предложениов дневен ред? (Го усвојува).

Минуваме на единствената точка од дневниот ред - Декла-рација за Југославија од вонредниот министерски состанок на Европската заедница во Брисел од 27 август 1991 година.

Декларацијата, извештајот на Комисијата за општествено-политички систем, како и мислењето на Владата на Република Македонија ви се поделени.

Му давам збор на претседателот на Републиката, господин Киро Глигоров.

КИРО ГЛИГОРОВ:

Господине претседателе и претседателство, почитувани пратеници.

Денес ми е должност да ве известам за еден извонредно значен документ со далекусежни последици и за два други,придружни акти што треба да значат веќе и операционализација на, тој документ.

Како што ви е познато, тие синојка беа прифатени и беа потпишани, така што денеска, со оглед и на значењето и на сложеноста на тие документи што опфаќаат доста спекти и мнору конкретности, мојата задача е пред се да ве известам за главните точки што ја определуваат, така да кажам, таа ориентација на заедничко решавање на југословенската криза од страна на Европската заедница и републиките и сојузните органи во Југославија за основните политички оценки што произлегуваат од тој настан и од трите документи.

Тие документи се: Декларацијата на Европската економска заедница; Договор за прекин на огнот и Меморандум за согласност за проширување на посматрачките активности, на посматрачката мисија во Југославија.

Првиот документ е прифатен. Не е потпишан. Тоа е акт на ЕЕЗ, па само изразуваме согласност со тој документ. Другите два документи се потпишани од Претседателството на СФРЈ, од претседателот Месиќ, во функција на претседател и во функција на врховна команда. Значи, во таа функција на Претседателството која ја врши

како врховна команда, потоа од страна на претседателот на СИС, и од страна на сите претседатели на републиките односно претседателствата на републиките.

Тој прв документ е всушност една политичка декалрација, како што реков, со големо значење.

Прво, ги означува ставовите и волјата на дванаестемината во ЕЕЗ како едногласно донесена и изразена волја. Тоа се европските ставови, практично речено.

Второ, во неа се повикува и на КЕБС. Значи, се проширува основот на таа европска волја со сите членки на КЕБС што и дава уште поголема и поширока политичка основа и волја и се повикува на сите поранешни документи донесени во врска со Југославија, вклучувајќи ја и Брионската декларација.

Овој документ предвидува механизми, принципи најнапред, а потоа механизми за мировна конференција односно за мирни преговори и предвидува и процедура како ќе се изведат сите тие мирни преговори, во кои и какви фази и со какви последици.

Како прв облик на договарање предвидена е мировна кон-ференција. За илустрација како се смета со едно брзо и ефикасно работење мировнат аконференција, после донесувањето на овие документи, се очекува веќе во почетокот или средината на идната недела во Хаг. Потоа, се предвидува арбитражна  комисија. После расправата на мировната комисија, сите разлики и спорни прашања што ќе се одбележат, што ќе се набележат треба да бидат предмет на расправа на една арбитражна комисија составена од пет претседатели на уставни судови или врховни судови избрани од европските уставни и врховни судови и, се разбира, потоа се предвидуваат и определени санкции.

Како се замислуваат преговори по фази. Најнапред, се предвидуваат неколку основни принципи од кои се тргнува:

- прекинот на огнот е најприоритетниот и прв услов за да може да дојде тогаш до т.н. мониторинг и мировна конференција. Мониторинг кој ќе вовлече, засега околу 200 странски набљудувачи, во него можат да испратат свои претставници сите 12 земји од Европската заедница и со проширување на неколку други земји, Полска, Чехословачка, Шведска и т.н.;

- потоа, се тргнува од тоа дека дијалог и договор може да биде само основа за решение на југословенската криза и за определување на иднината на југословенските народи. Сите мора да се еднакви во таа маса, без оглед дали некој веќе имал референдум, или решил да се раздружува или не. Кој порано, кој подоцна. Сите сега треба да седнат на таа мировна конференција и да ја расправат целината на проблемот  и да се дојде до едно решение, кое доколку не е можно на самата мировна конференција, со помош на арбитражата конечно треба да се дојде до заеднички решенија. Рок за работа на Арбитражната комисија е два месеци. Така што и тоа покажува дека во еден релативно кус рок треба сите овие работи да бидат расправени, тоа бара огромна работа и мобилизација. Но, за тие работи, можеби на крајот нешто ќе кажам;

- потоа, се тргнува од нешто што е неодменливо, почитување на волјата на народот и респектирање на взаемните интереси и полно признавање на човечките права на сите, било каде да живеат во Југославија, што се разбира, претпоставува еден сосема демократски однос кон сите оние прашања што денеска се сметаат како цивилизациски прашања и без кои не може да се замисли утре на една земја која би требала, според, патем да споменам, според завршниот збор синојка на господин Ван Ден Брух, претседателот на

Министерскиот совет на Европската заедница.По успешните преговори и разговори по мировната конференција на Југославија и на сите нејзини членки се отворени вратите за Европа, за асоцирање во Европа, со што, се разбира, се решаваат. Не само проблемите на моменталната криза, недоразбирања, воените судири, туку се решава еден подолг период во перспектива, иднината на народите на овие простори.

Гледано од оваа гледна точка и од овие само неколку спомнати круцијални политички цели или принципи од кои трга Декларацијата, може да констатираме без било какво сомневање дека таа Декларација, со таа појдовна основа, за нас, за Македонија," за овој Парламент, за нашиот народ, за сите народности што живеат во нашата Република е апсолутно прифатлива. И, заради тоа што содржи исцело, би рекол еден соверемен приод, прифатливи принципи и механизми за еден демократски дијалог и за барање решенија што ќе можат да бидат прифатливи за сите.

Ние, за сите фази на овие преговори, како што е познато, па и на овие последни, се до последниот момент и во Претседателството на СФРЈ од страна на членот на Претседателството, другарот Тупурковски и од моја страна бевме вклучени активно со сопствени иницијативи и на секаде во тие преговори позицијата на Македонија е до крај јасно означена како позиција на еден сосема самостоен субјект кој, во секоја фаза на овие преговори, на подготовка на овие документи мора изворно да биде консултирана за да се знае нејзиното мислење, прифаќање или неприфаќање, предлози и други солуции и т.н. Всушност, можеме да констатираме дека во оваа Декларација се содржани досегашните наши залагања и појдовни принципи и од нашите документи, почнувајќи од Декларацијата за сувереноста

на Македонија, нашата Плат.форма, активностите што понатаму ги презимавме да се прекине огнот, да се седне на маса, да се разговара, да се прифатат некои основни принципи кои, можеме да кажеме, и беа прифатени на некои од заедничките седници на Претседателството и на претседателите на републиките, но сега, тие принципи се веќе вклучени во еден европски контекст зад кој стојат и сите членки на Европската заедница и на КЕБС. На тој начин се дава можност по мирен пат и со меѓународна помош и поткрепа да ги постигнеме нашите цели.

Беа изнесувани, а може да се случи и пак да се јават, и некои приговори за кои сакав да кажам дватри зборови.

Прво, се спореше преамбулата на Декларацијата која ги лоцира одговорностите на начин како ги согледала Мисијата на Европската заедница односно самата Европска заедница во тој документ. Ние самите не сакавме да се мешаме во тие и такви оценки. Сметавме дека е многу побитно сите заедно да се најдат и сложат на принципите и на механизмите со кои ќе се решаваат овие проблеми, а однапред беше јасно дека околу преамбулата и оценката, кој, колку е крив за состојбите во Југосалвија, нема да може да се постигне некоја апсолутна согласност. Но од гледна точка на Македонија тоа и не е ниту битно, затоа што нас ниту некој не обвинува, ниту помислува да не обвинува дека било што сме сториле за вакви настани во Југославија особено за таква крвава разврска, ниту пак сме биле пречка за било каков конструктивен и реален договор. Тоа е јасно на сите и тоа беше на некој начин неформално констатирано од претседателот на Министерскиот совет на Европската заедница дека Македонија била еден од најконструктивните фактори во досегашните преговори.

Второ, многу се расправаше особено порано, но и сега, дека на овој начин суверенитетот на Југославија е доведен во прашање. Дека се мешаат од надвор како ќе се- решат работите во Југославија и т.н. Јас мислам дека тоа апсолутно така не може да се сфати. Ние сите, ако не се тоа само декларативни изјави, кога е збор за Македонија не се работи воопшто за декларација, туку за една цврста, јасна и долгорочна определеност за европска опција. Ако сакаме да бидеме дел на Европа, членки утре и да живееме во еден заеднички европски дом, како можеме да говориме за мешање од страна на оние со кои треба утре да живееме и заедно да ја носиме судбината, а тие да немаат право да кажат што мислат, што предлагаат и како можат да ни помогнат да излеземе од оваа криза која, еве, доби такви размери да е мачно на секој човек да говори колку човечки жртви, какви разурнувања, со какви се последици што ве-ројатно уште со години ќе се чувствуваат од сето она што стана досега.

Кога е збор за сувереноста, како и ние кога говориме за Македонија, ќе бидеме толку суверени колку ќе можеме внатре сами да ги разрешуваме, по демократски пат сите оние прашања што ги поставува животот и времето. Можеш да запишеш колку сакаш, не знам устав на било која држава во светот каде што не пишува дека е суверена и независна, а во животот може да биде и несуверена и не-зависна. Се зависи од нејзиното устројство, од тоа колку таа има внатре стабилизирани политички, економски прилики и колку умее да ги разрешува проблемите што се од животно значење за народот. Така што, не се работи за некакво нарушување на сувереноста, туку за една потреба и пред се на нашите народи, а потоа на цела Евро-па да не се продолжуваат, веројатно, како што имам повеќе пати речено како последен реликт во оваа Европа, настани во кои се

решаваат прашања за разлика од сите други европски:
држави и асоцијации во Европа преку топови, преку гранати
и преку губење на драгоцени човечки животи.

КИРО ГЛИГОРОВ: (Продолжение)

Последно беа приговори за тоа дека на овој начин се врши, што е поврзано со претходното прашање, интернационализација на југословенската криза и на југословенскиот проблем, така да го наречам. Тој е интернационализиран со самиот факт што ние денеска сме главната тема на сите светски весници, на сите држави, сите влади заседаваат, се преземаат разно-разни акти, се патува на сите страни за да се уверат државите и владите кој е прав, кој е крив, кој што бара, кому што да се даде, кому да не се даде, да се бараат признанија, па што сакате повеќе од тоа еден пробелем да се интер-национализира. Ние самите го интернационализиравме прво, заради тоа што покажавме неспособност да се договориме сами како да излеземе од таа криза, а потоа предизвикавме последици кои можат да имаат циклично дејство во Европа и во светот по начинот невозможниот, неприфатливиот начин за решавање на такви проблеми. Од таму секаков приговор за некаква интернационализација е по мое мислење депласиран.

Што се однесува до Декларацијата и нашиот референдум мислам дека е и тоа прашање кое мораме да го гледаме заедно во контекст на таа Декларација. Сметам дека Декларацијата доаѓа точно во моментот и мировните преговори почнуваат во моментот кога ние веќе ќе ги имаме зад нас резултатите на нашиот референдум. Мислам подобро совпаѓање со она што треба да ни биде главно оружје во тие преговори тешко да можел човек и теоретски да замисли. Така се случи, така врвеа работите, постепената подготовка на сите тие акти прво ни го сочува мирот, а од друга страна во прав момент ќе дојдеме до одлуки кои ќе можат да бидат легитимација за вистинското решавање на проблемот на самостојна и суверена Македонија и

за нашето размислување и евентуална одлука ако се дојде до договор за идна заедница на суверени држави на Југославија да стапиме во таа заедница. Значи, и едното и другото се нашите, така да кажам, можности за кои ќе имаме јасно определена волја на нашиот народ и тоа, дури да кажам, некои ја имаат таа волја од пред една година, може некој да им каже треба сега да знаеме што е волјата на тој народ. По 3-4 месеци ние ќе имаме непосредно изјаснување на нашиот народ во моментот кога ќе треба да се третираат проблемите за иднината на сите наши републики со најсвежи податоци.

Друго, мислам дека токму заради тоа што ќе ги имаме резултатите од референдумот, ќе имаме полно право да бараме да се примени ист аршин на таа мировна конференција за сите кои зад себе си ја имаат изразено народната волја. Плебисцитот во Словенија, референдумот во Хрватска и нашиот референдум мора да се третираат еднакво, рамноправно и во пакет. Признавањето на една и друга самостојна и суверена држава не може, а да не повлече зад себе си веднаш и признавање на Македонија, а со оглед на тоа да не можат да се разликуваат принципите од кои се тргнува, тие се еднакви и исти и не може да има различно право на самоопределување на народите, а ние тоа право сега ќе го искористиме.

Со оглед на тоа дека сето ова се случува во време кога с постигна еден договор за прекин на огнот и на воените дејствија, за тоа поподробно ќе говорам подоцна, но сега само да спомнам тоа внесува посебен мир и спокојство и е одговор на оние кои сакаат на еден друг или трет начин да го заплашат нашиот народ ако оди на референдум, ако се изјасни за самостојна и суверена Македонија што го чека утре заканувајќи се со воени дејствија, со некакви економски санкции. Сите ние утре ќе мораме да седнеме

на маса и никој нема право било што да стори против другиот се дури сите тие преговори не се окончаат и не ги дадаст финалните резултати.

Да спомнам тоа требаше да го изнесам можеби веднаш со принципите, а тоа е дека е јасно кажано во Декларацијата дека никогаш 12-мината нема да признаат ништо што е освоено со сила и што претставува така да кажам едно територијално завојување или било какво друго и таквите потфати не можат да имаат никаков легитимитет.

Тргнувајќи од тоа мислам дека сега се создадават услови нашиот народ кога се одлучува да се одлучува на референдумот според својте историски и долгорочни интереси во мир да размисли и види дека остварувањето на самостојна и суверена Македонија не само да не носи никакво ризик, туку ќе може да биде изведено во мир на преговарачка маса со сите европски чинители и со полн леги-тимитет. При тоа, може да се каже дури траат мировните преговори доста пред тоа пред да се завршат ние ќе го донесеме, јас се надевам, по јавната расправа и нашиот Устав. Со тоа ќе имаме основен правен конститутивен акт на самостојна и суврена Македонија и на-вистина тогаш ќе можеме сосема спокојно и на цврсти и солидни основи натаму да ја градиме нашата иднина размислувајќи за идни здружувања за се она што треба да ни отвори пат кон асоцирање во Европската заедница. Ветувањата кои се дадени вотој поглед не се само вету-вања. Европа согледа дека југословенската криза поинаку не може успешно да се реши. Сега, се повеќе станува јасно на сите оти ако сакаме да стивнат овие непријателства, да замолчи оружјето, мора да се отвори една друга европска перспектива на овие народи, тогаш ќе се релативизираат споровите, ќе се дојде до тоа секој народ ќе

види дека може да ја оствари својата визија за иднината во содружество со сите други европаски народи и тогаш опасностите од разни југословенски, балкански и други хегемонизми исто така паѓаат во вода и одтаму гледано мислам дека овој миг е од извонредно значење за нас и така треба да го цениме.

Да кажам кратко за другите два документи.

На првиот документ задачата му е прекин на огнот. Тоа треба да се изврши во најкус можен рок, може а се каже веднаш, со тоа што 3-те чинители ЈНА, снагите на МЛР на Хрватска и оние кои ги претставуваат српските снаги во тој дел на Хрватска каде се водат борби треба да обезбедат прекин на огнот, да се создадат услови на раздвојување на завојуваните страни и потоа да се вклучи посматрачката мисија секаде каде има такви жаришта и на тој начин да се обезбеди почитување на прекинот на огнот.

Разоружувањето кое се бара од сите паравоени формации и резервниот состав на Хрватска е поврзано со симултаното враќање на армијата во касарните. Тоа е многу битно за разлика од стие поранешни обиди кога се бараше, а и сега се настојуваше во последните часови пред да се прифатат овие документи најрпвин сите други да се разоружаат па на крај армијата да ја изврши таа задача. Значи, таа симултаност, паралеленост на таа активност би требало да гарантира дека ќе се прекинат вооружените дејствија.

Враќањето на војската во касарните, се разбира, сосема поинакво светло фрла на прашањето на регрутите на служењето на војската што треба да биде предмет потоа на други размислувања, но и таа тешка тензија од која сега барем ние во Македонија и не само ние, се разбира, имаме доста големи прболеми, ќе си најде еден пат на договорно разрешуваше.

Понатаму, битно е дека секоја повреда на така воспсотавеното примирје или прекин на огнот од страна на посматрачките мисии бара да ги известат сите членки на ЕЕЗ аз секој прекршок, сите членки на КЕБС и сите страни договорнички кои го потпишале овој документ, така што ќе се знае за секој прекин на огнот, за секоја повреда на прекинот на огнот и се разбира тоа дава можност за политички и други активности да се попречат натамошните прекршоци.

Меморандумот за мониторингот за посматрачката мисија ги разработува сите подробности за ефикасно обезбедување на мирот и содејствието на посматрачите, нивниот статус, се разбира, кои земји учествуваат, кои права имаат, што не претставува некој посебен интерес за да го одземам вашето време.

Морам да кажам, кога веќе со тоа завршувам некој глобален преглед на овие документи, дека улогата на ЕЕЗ особено на господинот Ван Ден Брук и специјалниот пратеник Вајненц е од извонредно значење и треба да му одадеме признание, по мое мислење, за сета упорност работеа како да се работи за најголеми нивни интереси и на некој начин во завршниот збор господинот Ван Ден Брук им очита лекција на сите што значи грижа за сопствениот народ во спречување на човечки жртви за мирно разрешување на судирите, за заедничко размислување за иднината, за подготвеноста на ЕЕЗ да пружи сите видови на помош и тн. Мислам дека тоа, исто така, покажува дека се арботи за една пријателска ангажирана соработка со цел да ни се помогне.

Сакам да ве известам, со оглед на еден настан кој ви е познат, и кој беше третиран во нашиот печат за еден меморандум кој е предаден од една република на ЕЕЗ каде се дава некаква визија дека ние треба да останеме меѓу 4-те републики од остатокот на Југославија за да се предупреди секое разсмилување во ЕЕЗ дека тоа

има било каква врска или пак било каков интерес во Македонија;за такво конципирање на иднината на Југославија предадовме .меморандум за нашите ставови до сите 12-мина и замоливме тој меморандум со нашите ставови и погледи кои произлегуваат од ова што досега биле ставови на овој Парламент да се поделат на сите членки на КЕБС и на тој начин а стасне познато и јасно на сите што се залагањата, целите и политиката на Република Македонија. Мислам дека тоа беше нужно да се предупредат евентуално и други можни такви акции во иднина каков што беш овој предлог што го спомнав.

Потоа, треба да се каже некој збор дали ќе се по-читуваат овие склучени документи, бидејќи досегашното искуство е многу лошо. Ако тргнеме од тоа што до сега се случуваше заклучокот би можел да биде песимистички, но јас мислам дека ако само напом-нам 3-4 работи ќе можеме да се согласиме со сиот опрез.со тоа дека времето ќе покаже како кој ќе се однесува, но мислам дека дојдовме до критичната точка на оваа криза зголемувањето на воените дејствија, пред се, на огромните човечки жртви и огромните материјални разорувања, само да си спомнеме синоќешната слика на Госпиќ или пред тоа на Осиек, тари културни градови со многу знамнитости почнаа да бидат срамнувани со земја, мислам дека тој момент сакале или не без оглед на вжештени глави си дејствува и покажува на еден сосема еклатантен начин дека по тој пат ништо не може да се реши и никој ништо не може да добие, дека резултатот ќе биде такви историски трауми чии последици можеби по 10-15-20 години, повторно на тие простори ќе предизвикаат некои нови судири, нови одмазди и нови разурнувања. Дека е така се гледа и од општата осуда од сите европски земји. Згорзувањето, вие не можете да замислите со било кој да се разговара, со било кој европски центар не може никој

да свати дека можат прашањата од било каков карактер денеска во европска земја, било која, да се решаваат на тој начин како сега се решава во Југославија. Навистина сме станале "црна овца", еден антиисториски реликт кои никој не може да го свати. Мислам дека тоа лека полека делува и не може-да се одмине, не може преку тоа никој да премине освен некој "војводи" некои "капетани" и слично со вождовски амбиции.

Потоа, мислам  дека е се појасен отпорот на населението кон таквото однесување. Дури и таму во тие краишта каде се бара општа мобилизација или од друга страна каде се кажува дека сите се монолитни и се борат до последен човек. Сите информации кои одат не говорат за такво расположение и полека доаѓа до раслојување. Се разбира има одделни сегменти во тоа население кои би се бореле до последниот човек, но сепак разумните луѓе и сето она што претставува нивен личен, фамилијарен и национален интерес поинаку размислуваат. Мислам дека и мировните движења имаат големо влијание на создавање на друго расположение во Југославија и кај населението и нема да може да се мине преку сето тоа што од ден на ден станува се поширок бран против војната, против човечките жртви и разурнувања.

КИРО ГЛИГОРОВ (Продолжение):

И потоа апсолутната решеност, јас сакам во тоа да ве уверам, апсолутната решеност во Европа да не се помират со оваа состојба во Југославија. И заради себе, заради тоа што тука се случило, и заради тоа што тоа им попречува многу други работи кои тие сметаат дека се многу поважни кои треба да се решаваат за нивната иднина, за иднината на Европа, за новите проблеми кои се јавија со распаѓањето на цела низа држави во Европа, за новите престројувања во светот итн. Таа решеност на Европа беше и демонстрирана, јас би рекол, и преку документите се предложија, но од друга страна да кажам и преку тонот на преговорите, на самите преговори кои јасно укажуваат дека зад преговарачите стои волјата на 12- мина решени да се прекине војната во Југославија и да се отпочнат мировни преговори. Што е во тој миг нашата задача, што ние треба да чиниме. Мислам на прво место, пак да повторам, при овие настани сега со овој пресврт до кој дојде со склучувањето на овие договори, референдумот, е наша огромна и историска шанса. Последниве денови треба да го искористиме секој наш човек да види дека ќе направи голем грев према себеси, спрема своето семејство, спрема сопствената нација, националност и спрема заедничката држава доколку од било која причина не излезе на избори, а потоа го скрати својот глас, или не го даде гласот за самостојна и суверена Југославија.

Второ, од непомало значење, мислам дека нам ни претстои со оглед на краткото време на преговарачкиот период комплетна подготвеност и мобилизација за мировните преговори. Секоја запирка и точка е битна. Согледувањето од сите аспекти на секое прашање,

на сите модалитети на решавањето на одделно прашање, согледување, антиципирање на можните последици, парирање на разни дезинформации и обиди работите да се решат на еден егоистичен во полза на овој или оној заради интересите на некој поголем, заради соодносот на силите што е во политиката многу битно итн. Но, пред се, стручна и научна подготовка на се она што ќе биде предемет на преговорите, бидејќи оттаму треба да произлезе нешто, што долго, да не кажам со децении ќе влијае на судбината на начпиот народ, на положбата на нашата држава и на животот на сите наши луѓе. Во тој поглед тоа мора да биде апсолутно приоритетна задача на сите наши органи, но притоа мислам дека треба сите да покажеме во овој миг способност и спремност да ангажираме, навистина, се што е најспособно во нашиот народ. Да бидеме спремни на сите тие места каде што се дискутираат политички, стручни, народносни, меѓународни и други прашања да бидеме квалификувано застапени, со јасно разработени ставови, да знаеме што сакаме, што предлагаме, до каде можеме да отстапуваме итн. Тоа е веќе процес на меѓународни, мировни преговор каде што сите тие работи мора најпрецизно, јас би рекол миницуозно мора да се работат.

Мислам дека во тој периот е од извонредно значење тоа што уште ние не го дооценуваме, не го ангажираме, ангажирање на нашата дијаспора на сите меридијани да бидат вклучени во тој процес на разјаснување што е Македонија, нејзините цели, политичка поддршка, економска и секоја друга, она што се вели лобистичка активност насекаде да ги постигнеме овие цели кои ги сметаме за праведни и кои никого не загрозуваат и од никого ништо не бараат. Дотолку повеќе имаме и право и должност таа дијаспора да биде на наша страна и да искористиме се што можеме да ни помогне.

Тоа исто така важи за на нашата мобилност на дипломатско-пропагантниот план од страна не само од пропагандните програми, но да се размисли како ќе го вклучиме Парламентот во сите тие разговори, преговори, контакти, разјаснувања, создавање на атмосфера пружање на информации, тоа е соСема друга ситуација кога со жив збор, со непосредна средба се разјаснуваат работите, отколку што мислиме дека тоа ќе се расправи само на округлата маса од страна на званичните претставители. Тука има задачи и за науката и за нашите така да кажам културни дејци итн.

Потоа мислам дека е наша обврска и денес исто така за тоа да се договориме дека ова Собрание мора да биде најредовно информирано и консултирано во сите фази на претстојните преговори. Мораме сите да понесеме одговорност за конечната разврска на наста-ните и за она што треба да обезбеди иднината на нашата држава. Можеме со задоволство да констатираме,до сега го чувавме мирот, обезбедивме преку сите овие досегашни разговори и преговори статусот што веќе сами си го изборивме дека ќе обезбедиме и рамноправен статус во иднината, врз основа на нашето активно учество во преговорите. Мислам дека со мирна совест можеме да заклучиме дека ниедна Република во Југославија не може ништо да  ни забележи дека сме направиле некој потег, да сме сториле нешто што е на нивна штета. Ние ништо друго не бараме, освен во иднина сите други републики да се однесуваат кон позицијата на Македонија и кон нашите цели за кои ќе расправаме на таа маса на таа мировна конференција да се однесуваат со исто почитување и внимание кон сите наши барања. Мислам дека обебзедивме и мораме тоа да го сочу-ваме и во оваа фаза која е многу деликатна, можеби најважно е сега тоа да го сочуваме и да го имаме во овие два, три месеци признанието

што се слуша за нашата досегашна улога и за конструктивниот приод во сите овие тешки југословенски настани. Без оглед што имаме релативно меѓународна положба денес многу повеќе се знае за Македонија за нејзината положба, за нејзината ориентација отсекогаш, но тоа воопшто не е доволно во овој миг и во овој претстоен период запознавањето на сите странски фактори со состојбите во Македонија и со нашите заложби е од извонредно значење.Во врска со тоа можам да спомнам само еден настан. На пр. овој, незнам како да го наречам немил или неочекуван или неразумен настан да претседател на една Република може да каже дека ќе ја признаат утре Македонија ако се распадне Југославија, но нема да ја признаат македонската нација. А најголема навреда на овој народ е сигурно да му се каже дека е тој плод на некаква коминтерновска завера или коминтеровска нација со посебни политички цели итн. А притоа веднаш да се каже дека со мирна душа дека не сака да се меша во внатрешните работи на Македонија. Па не може да биде поголемо мешање од тоа да се изјаснуваш за најинтимното и најсветлото чувство на еден човек што е и како се чувствува и на кој народ припаѓа. Ние не сме створени во некоја реторта од некоја коминтерновска, алхемиска работилница и по тој начин создадена некаква нација. Мислам дека тоа е и најдиректно вмешање во нашите внатрешни работи,иако ние од никого не сме барале да не признавале за нација. Ние сме тоа што сме со сета наша историја, со се она што се белези на еден народ кој опстојува со векови, кој денес претставува пример на една модерна нација, и од никого не бараме да тоа да мора да го признае. Ние само сакаме како рамноправни да соработуваме. Јас би сакал ова да биде една заборавена епизода, ние пак треба да кажеме дека ние со Бугарија сакаме да имаме добри односи, пријателска соработка,

отворени граници да смогнат сили да ги признаваат човечките права на Македонците во Бугарија и ќе имаат во Македонија еден искрен сосед, пријател кој ќе биде спремен за секаква соработка.Се разбира, може и за други наши соседи да се говори, но ова го изнесов повеќе како непосреден пример на едно неразбирање или непризнавање на една стварност. А секој кој не сакал да признае стварноста, тоа можел секогаш да го стори само на сопствена штета, Инаку, притоа може да штети и на другиот, но пред се ќе штети на себеси. Јас мислам дека додека тоа прашање не се расчисти во политичките најодговорни кругови во Бугарија тоа ќе има последици на сопираше на демократските движења и демократскиот развиток на Бугарија. Нив ќе им штети во тој поглед.

Сега на крајот на краиштата се зависи од волјата на нашиот народ и на нашата способност кога ни се дадоа сите овие можности на внатрешен и на надворешен план да го увериме светот во.нашите праведни цели, во нашата праведна борба и да се пркажеме достојни и на нашите претци и да ги исполниме нашите обврски кои ги имаме пред нашиот народ.

(Аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господинот Васил Тупурковски.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници јас ги делам оценките што ги искажа претседателот Глигоров, сакам врз некои многу релевантни елементи на Европската декларација за Југославија и на вчера усвоените два документи да фрлам една додатна светлина.

Рано утринава, тоа е веќе познато, по драматични преговори и Претседателството се приклучи кон градењето на една целосност во земјата за прифаќање на основните тонови на Декларацијата за Југославија и на двата други документи што ги елаборираше претседателот. Од една фаза што толку долго трае на инхибираност на ова Претседателство и на една посебна консталација четири - четири итн. што ги рефлектира, практично сите односи во земјата  на драматичен начин што се надевам и се молам да издржи потраење како едновременска димензија и да не се пресфрти од утре повторно во старите релации Претседателството собра седум гласа и ја отвори вратата за конечно потпишување на овие документи. Моја оценка е дека се работи за најзначајни до сега донесени документи во врска со Југославија и со нејзино учество и дека тој квалитет во зависност од нашата мудрост овде во Република Македонија можат да го стекнат и визави Македонија. Моја оценка е дека тој квалитет не доаѓа автоматски спрема Македонија, сепак постојат активности за кои што зборуваше претседателот, што мора да се реализираат, што мора да се осмислат за да го оствариме тој квалитет на овие документи и како право на Македонија. Задираат овие документи во прашањето на мирот, каде што всушност се работи за перспективите на сите републики, на сите народи, на сите народности, на сите граѓани, во прашањето на идните односи каде што се работи за прашањето на сувереноста и рамноправноста врз основа на суверените ингеренции на републиките и конечно во прашањето на нашиот статус во Европа. Тоа е сосема евидентно, јасно и од најповршната анализа дека сега се отвораат значајни прашања и аспекти на нов европски статус за републиките и во тој контекст и за нашава Република Македонија. Извршен е висок степен на интернационализација во третирањето и во разрешувањето на кризата во Југославија. Европските преокупации со интернаци-

онализирањето на нашата криза отсекогаш беа со јасни појдовни основи. Се работи за сфаќања што базира врз материјални показатели, дека само стабилна Европа на интегралниот европски простор може да предизвика нов талас на развој и во технолошка и во било која друга смисла, а и се разбира се работи за нашите преокупации кои што полека овозможуваат југословенските фактори да созреат во врска со правилното третирање на интернационализацијата на нашава и на соп-ствената криза. Мислам дека се подобро се разбира што значи ме-ѓузависноста во Европа, што значи негативниот потенцијал на секој, па и најмаргиналниот субјект во Европа Југославија и нејзините републики не се најмаргиналниот субјект во европските работи и дека во таа смисла Југославија и нејзините републики им се со европски субјективитет потенцијално или практично и уште додатно во европски контекст можат само да ги надминат своите проблеми и да не ги на-рушат интересите на другите.

Се покажува неодрживоста на воените средства, на воените модуси во решавањето на проблемите во Европа и на меѓунационалните и на територијалните, на проблемите во врска со границите, на политичките проблеми, а уште повеќе на социјалните проблеми, тоа се поуки што треба да дојдат на дневен ред кај нашите политички фактори и кај државните фактори во целата плуралистичка политичка сцена, бидејќи не чекаат и политички и социјални проблеми.

Документиве и посебно нивната имплементација се тест за европските механизми. Ова не е ништо измислено што и се случува на Југославија и што е содржано во овие документи. Тоа е сосема јасно, дел составен на механизмите што ги предвидува Париската повелба, и праксата оттаму наваму, а проблематично може да биде или пак дури и провокација во позитивна смисла што на југословен-

скиот пример прв пат се ставаат во погон овие механизми. Мандатот што го доби Европската заедница е во рамките на Европската конференција за безбедност и соработка, значи за тој нов инагуриран европски механизам за решавање на кризни ситуации, на кризни состојби, а додатно бидејќи се работи за Европската заедница ни отвора многу значајни прашања за тоа како ние можеме да го искористиме со конструктивен однос ангажирањето на Европската заедница.

Се разбира тест е и за нашите опции и полека, но евидентно е дека милитаристичката и радикалната ќе мораат да попуштат пред демократската и пред конструктивната и тука дали тоа некој го смета како значајно за нашава Република или не, не толку битно, колку што е во суштина и ги носи сите нови потенцијали за надминување на нашата криза, заради демократскиот развој ако издржиме на тој развој и заради конструктивноста ако ја одржиме како наша опција во надминувањето на сите кризни прашања и кај нас дома, не само во југословенски рамки, посебно нагласувам кај нас дома.

Сега сосема кратко да кажам за механизмите и за документите. Декларацијата, се разбира, нуди политичка оценка и ги нуди механизмите. Документите нудат постапка и инструменти за прекин на огнот и за преговори.

Карактеристично, сосема кусо, бидејќи сето тоа беше елаборирано кај прекинот на огинот важно е дека модалитетите се преземени од оние согласности што ги постигнавме во Југославија. Тоа нормално зборува за нашата неспособност да ги оживотвориме, но зборува и за една релативна способност да се согледаат пробле-мите. Тука јас ја гледам основата за соработка со Европската заедница, а не за конфронтација поради наводниот притисок. Ние сме притиснати да ги спроведуваме нашите ставови и ништо повеќе од тоа.

Европскиот мониторинг треба да ги објективизира нашите сознанија ние до денес немавме никогаш прецизна информација или имавме само апсолутни вистини на страните што војуваа во Хрватска. Не можевме да дојдеме до објективна информација и врз тие основи не можеше ни да се очекува да се премости овој јаз во одлучувањето.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ: (продолжение)

Мировната конференција е од извонредно значење со своите. фази. Во првата фаза таа ке биде конференција за мирот и во Хаг ќе се расправа за морит во Југославија, при што основните принципи кои во целосна мерка ги валоризираат нашите орпеделби се: неповредливоста на надворешните и на внатрешните граници во Југославија, неупторебата на сила, правото на народите да се самоопределат и европски гаранции за човечктие и за нангионалните права. Навистина тешко би можел некој да објасни со било каква аргументација дека тука нешто го погодува македонскиот интереси се разбира уште потешко дека ако ги оствaруваме овие базични европски принципи со нешто нашата положба ќе ја ослабиме во однос на перспективите што се нудат преку реализација на овие принципи.

Македонија и сето ова.

Напорите за демократски расплет и се напори за европеизација на кризата и во таа смисла Македонија може да зборува за валоризација на својата политичка линија. Напорите за прекинот на огнот досега и од сега понатаму ќе бараат понатамошна европска комуникација каква што имаше во меѓувреме каде што треба да се интензивира. Што постигнува Македонија?

Најзначајно прашање за нас е мирот во септември. Се разбира,трајниот мир е од животно и егзистенцијално значање но мирот во септември што на овој начин се отвора пред нас во усвлови кога можевме да почувствуваме дека се раѓаат и амбиции да се дестабилизира Македонија токму во предвечерјето на историските потези што мора да ги стори, затоа што тоа е определба на

демократските сили и на граѓаните во оваа Република, сега ги отвора можностите и референдумот и донесувањето на новиот Устав, во услови на стабилнсот да ја погодат суштината заради која што се свикуваат и заради која што се донесува новиот Устав. Во таа смисла, мислам дека ке се намалат до крај можностите да се изврши било каква манипулација и околу прашањата што ги отвора референдумот и околу статуситае што ги нуди Нацртот на Уставот и што кее ги развие понатаму јавната расправа, а сето тоа за нас има толкаво големо значење што мислам дека во септември 1991 година едноставно не" смее да се прокоцка, нема да може не од оваа генерација, и не од некои идни генерации, туку се плашам дека нема да имаме таква шанса да ни дојде некој друг септември во некој друг милениум кога Македонија ќе може во мир со европско учество и со европска партиципација и стабилна да заокружи еден процес на вековно наци-онално стремеење.

Висок степен на прифатливост на нашиот суверен статус и нова вкупна положба, вклучувајќи меѓународни аспекти на таа положба, произлегуваат од словото и од духот на овој документ и за Македонија, ако ништо друго со сосема едноставен јазик да не теоретизирам Македонија е субјект сега на меѓународна мировна кон-ференција и на таа меѓународна мировна конференција ќе седи на заедничка преговарачка маса со 12 држави членки на Европската заедница. Сите тие членки ви се добро познати кои се, некои се непосредното соседство, некои се од центарот на Европскиот развој со традиција и историја и Македонија со своето знаме и со својата фирма ќе преговара на рамноправен начин за идните односи во Југо-славија и за прашањата на мирот и безбедноста во поширока смисла не затоа што овие наши шест партиципиенти во тој преговарачки процес

се огрешиле од Европа па мора да добијат сега лекција на таа преговарачка маса, туку затоа што вистински за добро или лошо можат да ја усложнат или да помогнат во надминувањето на европските состојби и посебно на европската безбедносна ситуација.

Во оваа смисла постојат во документот европски гаранции за нашата политика и за нашата положба и значењето на овој факт е повеќедимен зионален. Тој отвора сега значајни можности за некои економски експлоатации, за некои политичКи експлоатации, за експлоатација на прашањето на граѓанските и на националните права во најпозитинва смисла, мислам на користење на овие аспекти на нашата политика визави европската гаранција што е дадена во документот дека ако се загрозува една ваква политика, не се мисли само на македонската туку како потенцијална возможна иманентна на било која друга република во Југославија дека ќе уследат санкции и мерки и одбрана на таа политика бидејќи се смета како европска и Европа сака да ја валоризира до крај сопствената опција и сопстверната политика и секој оној кој што сака да се приклучи со една автентична орпеделба на тој начин кон една таква политичка филозофија и такво политичко практицирање ќе ја има поддршката и одбраната н а таа Европа. Тоа е запишано, јас тоа ке го илустрирам.

Во услови на ескалација на кризата во Југославија, да не дојде до тоа, да дојде до остварување на овие елементи на спогодбите, додатна е безбедноста и заштитата на оние што ќе се определат конструктивно да учествуваат во мировниот процес , ќе се изолираат и ќе се подведат под систем на санкции оние кои што ќего загрозуваат мирновниот процес како републики или како сојузни раководства, сеедно, ако тоа се случи, а оние што ќе сакаат и ќе се определат

на констурктивен начин да учествуваат во мировниот процес, нема никакви соменвања дека тоа ке се однесува и на Македонија, ќе добијат додатна заштита и додатна доза на безбесност токму заради прифаќањето на Европа да го продолжи мировниот процес со оние републики, со. оние субјекти во Југославија што ќе се определат за тој мировен процес.Тоа носитакви нови драматични позитивни оценки за меѓународната  положба за потенцијалнот на Македонија да ги реши прашањата на својот меѓународен субјективитет и на својот меѓуанроден статус што денес човек ако не го смири сопствениот темперамент ке западне во некоја еуфорија. Сакам да го свртам вашето внимание на извонредно значајниот потенцијал на ваквиот третман  на конструк-тивното  однесување во мировниот процес што Европа ќе го цени и ќе го почитува. Ние остваруваме сега фактичка комуникација со Европската заедница, ние ќе оствариме и фактичко и формално  учество на меѓуанродна конференција каде што ќе учествуваат признати субјекти на мегународните односи и на мегународното право и второ, заради стабилизирање на целиот мировен процес Европа најави подигање или релативизирање на сопствените резерви за статус на асоцијација на југослвоенската заедница, сеедно во каква форма би се организирала или за членките на југословенската заедница или за суверените републики заради овој ангажман во мировниот процес. Да не се троши ниеден збор што би значело прескокнување на  безброј ако ништо друго формални бариери во остварувањето на статус, асоцијативен статус со Европската заедница, а камо ли политички, економски, прашања на категоријални разлики, на историски разлики, на развојни  разлики кои што не можат ни да се премостат само со политичка волја. А во овој случај политичката волја ке придонесе   Македонија на начин на кој што не можела да се надева да реши едно од своите најкрупни

прашања, Европската перспектива.

Што ако не фукционира овој систем? Ова е еден редовен документ кој има алтернативни солуции и кои што ги нуди на начин кој што ги обврзува страните што го донесуваат односно што ги донесоа и што ги потпишаа. Нашите документи пропаѓаат затоа што секогаш беа пставени на начин да го постигнат максимумот, не предвидуваа никави санкции.

Овој документ предвидува дека изолацијата и санцкиите ќе ги стигнат субјектите што ќе ги прекршат одредбите на Спогодбата и што ќе го нарушат преговарачкиот процес и обратно од тоа, статус траен на преговарачка страна на оние што остануваат во мировниот процес. Македонија едноставно треба да остане меѓу оние преговарачки страни што ќе се избори за такво третирање во оваа мировна постапка.

Се разбира, Парламентот, не се сомневам, ќе го поддржи и ќе ги поддржи документите, определбата на Македонија во оваа смисла.

Предлагам нашиот Парламент да побара од сојузните органи и од сите републики стриктно да ги извршуваат спогодбите и во таа смисла да не отвораат нови прашања и дилеми на тоа што е еднаш прифатено туку да ја трошат енергијата и времето во остварувањето на најдобар возможен начин на стимулациите на сите овие документи. Предлагам Македонија да ја интензивира својата соработка со Европската заедница и поширокиот европски контекст и својот настап.

Сакам само на крајот да ве повикам да размислите за тоа дека буквално немаме право, сеедно какви ни се политичките интимните определби, афинитетите и т.н. да го загрозиме ова што се раѓа како можност со донесените документи за идниот развој на

Македонија во секој поглед, од државно правниот од прашањата на меѓународниот субјективитет, развојните, социјалните и дека во таа смисла најмалку пак имаме право да ги загрозиме историските настани на 8 септември и од крајот на месецот во било која форма, а за тоа треба да покажеме и разбирање и вештина и разум и толе-ранција, да не се запира на ниеден начин оценката за демократ-скиот раст на Македонија, таа носи сериозни расправи за рамноправноста во Македонија, за положбата на граѓанинот како центар на одлучувањето во Македонија, меѓу националните односи. Овие прашања не можеме да ги затвораме со никакви акламации, со никакви големи декларации дека во Македонија е се вред, туку со еден најчесен возможен однос кон македонските перспективи за сите времиња. Затоа, сакам да ве поканам да размислувате сите, бидејќи Парламентот е и најодговорен во таа смисла, не само да не ги запира или релативизира потенцијалите што се јавуваат со овие документи, туку и да ги развие до крај. Во спроведувањето на овие документи, во остварувањето на мировниот процес Македонија статусот што го избори во оваа прелиминарна фаза треба сега да го запечати еднаш за секогаш.

Јас барав за тоа да се размислува најчесно.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Димитар Трпеновски.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:

Почитувано претседателство, драги колеги, ја поддржувам Декларацијата на Европската економска заедница за Југославија. За

што истата е европска, а не е југословенска.

Балканот за Европа претставуваше сфера на влијание. Сега Европа е обединета и исто така сака да го гледа Балканот и во тој контекст и Југославија во целина.* Меѓутоа, сакам да укажамд ека мото формулата на Европската заедница за разрешување на југословенската криза и за преструктуирање на југословенското општество беше политичкиот плурализам, пазарното стопанство, човековите права и граѓанското општество. Ова значи дека тоа што ние западнавме во криза значи дека преструктуирањето на југословенското општество не го извршивме доследно врз оваа формула. Имено, оваа формула на прашањето на разрешувањето на југословенската криза е неадекватно применета.  Во федералните единици на југословенската држава можеме да речеме дека сепак подоследно е применета оваа формула. Меѓутоа за жал, таа не е адекватно применета во преструктуирањето на југословенкста држава. Ние знаеме дека после повеќепартиските избори во одредени федерални единици место афирмација на човековите права и слободи се афирмираше колективистичката опција и на тој начин го заборавивме граѓанинот како изворен носител на суверенитетот и дојдовме до одредени проблеми.

Во овој контекст јас би сакал да кажам само за македонската опција во однос на гледањето на Европа. Мислам дека Македонија во целокупното досега гледање разрешвуање на кризата и состојбите во преструктуирањето на нашето оптшество имаше свој легитимен, иамше автентичен и толерантен пат што ја афирмира Македонија како држава, која што во демократски и правнис редства учествуваше во разурешувањето на југословенкста криза. Во одредницата на нашиот

референдум ние знаеме дека имаме одредница за самостојно и суверена држава, меѓутоа, Македонија има и нешпто друго односно има и предлог за сојуз на суверени држави. Мислам дека ова е и најприфатливо заради тоа што актот на суверената македонска држава не е еднострана поради тоа нуди и правни и демократски средства за спојување со други држави, што е и правило во одредено однесување и од Европската заедница.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ете, по кој знае пат расправаме за најчувствително прашање, егзистенцијално во време и простор кој има заеднички именител, мир и благосостојба. А во мирот не сомнено е потребно инвестирање. Заедничките вложувања се едни од повисоките форми за достојна егзистенција и коегзистенција во ова поднебје. Времето и процесите кои се случуваат околу нас се предизвик за сите и наша обврска е да не бидеме под нивото на времето, туку да предвидуваме и да парципиераме за идните времина. Не може поинакуд а се прифати Декларацијата на Европската заедница освем како човечка волја да се среди една нереална состојба во реална објективна можнсот. Стоиме на гледиште дека декларативните констатации треба да се почитуваат и да не подлегнат на политика на свршен чин, зашто и досега имаше некои такви декларации, меѓутоа, кои неконсеквентно се реализираат.

Меѓутоа, декларацијата која е предмет на оваа расправа како низа други претходни нуди излезни патишта за совладување на меѓунационалните судири и меѓурепубличките конфронтации кои се закануваат со остра и сурова војна. Затоа, во целина ја прифаќам Декларацијата со сите нејзини акции што ги нуди како мерки.

Притоа, во сите овие прашања, по кои заземаме ставови или ги констатираме мора примарно да ги имаме интересите на нашата Република со целиот свој национален холорит. Таа не смее да губи, а не смее да биде инфериорна и во подредена улога.

Во врска со Декларацијата сакам да искажам неколку факти.

Евидентен е фактот за југослвоенскта повеќе национална заедница се наоѓа во крвава криза, таа минува низ најдраматични моменти. Истовремено евидентен е фактот Дека демократизацијата на југослвоенскта заедница на народи и народности во поселдната деценија  е под фокусот на Европа и другите светски субјекти и држави. Исто така, евидентно е дека цивилизираниот Запад  е загрижен за иднината на југословенската заедница и нуди мерки и средства со кои го преферира натамошното опстојување на југослвоенскта заендица и како таква вложува напори за два релевантни елементи.

Прво, стабилнсота на одностие, пред се политички и државни, а со тоа и еконосмки и социјалните, и

Второ, демократизација на животот и конценкветно на тоа почитување на демократски    начела за мирен  и демократски расплет на југословенската криза.

Дипломатската политика, а би рекол и политичкиот притисок на надворешните фактори не соодветно се прифаќаат во одредени средини. Токму затоа се предлага и преземање на економски санкции. Во стие овие дипломатски, политички и економски притисоци што меѓународната акција ги содржи, примарно прашање е да престанат вооружените акции со огромни човечки жртви и материјални загуби. Значи, да владее примирје. Ова е нужно не само заради фактот што во мир подобро се преговара, туку и заради два битни аспекти.

Прво, натамошните вооружени акции овозможуваат проширување на насилствата и во други делови на земјата и проширување на воени дејствија и кај други народи.

Второ, мора да се интернационализира проблемот, иако и тој е доволно интернационализиран, за мирно разрешување на југословенската политичка државна криза. Доколку отсуствува надворешниот фактор  во одбраната на демократската разврска, тогаш Југославија навистина ќе биде од се помалку, како беше речено, и бакалница, и пиљарница и штофарница и кожарница, а да не кажам и гробарница. Затоа во овие драматични и судбоносни моменти кога пред секого поединечно и пред сите колективнб се поставува прашањето да се биде или да не се биде сме исправени пред историјата и вистината, реалнсота, пред се, пред морални хумани начела кои треба да ги респектираат и војсководачите и државните раководители и актерите на кризата, а тие се:

Прво, да се престане со провоцирање на конфликти и нивно проширување во други региони, каде таква потенцијална опаснсот постои бидејќи со тоа почнвуа војна од пошироки размери.

Второ, да се прекине војната и воените дејствија во Хрватска  и да се биде одлучен во акциите за мирно и демократско решавање на проблемите.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Политиката да се води со други средства, пред се морални и интелектуални, а не со оружје.

Трето, да се престане со онаа логика дека некој има по-големи историски права над некој народ и постојано да се заканува дека може да прави се што сака и како сака.

Четврто, Да не се нанесуваме со нереални очекувања од меѓународни фактори, а истовремено да се гарестане со уцена на меѓународниот фактор и овир фактори да имаат првенствено дејство во региони каде постојат потенцијални можности за воени дејствија.

Петто, воениот врв мора да биде свесен за сопствената одговорност, за секој загинат војник, за секое разурнато село.

Шесто, политичките носители на ваквата историска преобразба на југословенската заедница како што се членките на Европската заедница, како да подзаборавaат на два конститутивни елемен-та на југословенската заедница, автономните покраини Косово и Војводина, посебно го истакнувам Косово затоа што кој сака и како сака може да мисли но без Албанците и нивното учество во преговорите тешко ќе се реши југословенската криза. Тоа е потенцијално подрачје за војна, за што Европската заедница треба првенствено да дејствува и со декларации и со конкретни акции. Во Декларацијата за Југославија тоа практично не се спомнува.

Да заклучам. Запирањето на насилствата и губењето на човечки животи, запирање на војната и воените дејствија, воспоставувањето мир и создавање услови за мирен и демократски начин на разрешување на трагичната и драматичната ситуација во земјата е единствената алтернатива за сите народи и народности кои сакаат тука, денес и утре да соживеат достоен рамноправен и демократски живот.

ФАИК АБДИ:

Мислам дека ние денес многу поспокојни можеме да бидеме. Може да бидеме многу пoслободни, ослободени внатре во душата од една стега која што и народот наш а и сите нас овде малку не притискаше, со разни искажувања од поедини партии, од поединци, од Армијата, од случаите во Словенија, во Хрватска, во Србија, во тие кризни жаришта, што се ќе биде после 8 септември, што до 30 септември и т.н. Заради тоа, мој предлог ние денес да им дадеме полно признание нашите неуморни господинот Киро Глигоров и господинот Тупурковски кои даваа се од себе и ноќе и дење, вртејќи се тука во македонските кругови, во Југославија, надвор од Југославија на разни состаноци и еве, да речеме, како резултат на тој меѓународен европски притисок на добра волја и мир во земјата и во светот, се дојде до едно, она вчера-денес да се потпишат овие согласности со надеж дека ниту една страна нема да ги прекрши потпишаните услови, а то аќе значи мир, затоа што ако бидат прекр-шени тие услови ќе дојде и до доаѓање и групирање на сини шлемови во нашата земја. Еве како што некои овде вика да не даде господ, верпкатмп ле живееме во мир. Заради тоа, целото наше ангажирање треба да биде вперено кон нашиот референдум, кон нашиот историски акт и чин да оваа наша заедничка држава ја обелоденимe пред веков, пред луѓево и пред генерациите, тоа да биде референдум успешен и понатаму до 30 септември да се ангажираме да го донесеме нашиот устав, а во рамките на тие денови од 8, после 8 септември до 30 септември имаме многу мегдан за разговор по сите прашања кои секако имаат огромно значење за нашата држава, Македонија, за секој поединец и за сите заедно, за секој национален колективитет, за секој граѓани. Како пратеник и во име на мојата партија давам целосна поддршка на ангажирање на ова што е сторено во потпишување на

двата документа, со надеж дека нема да бидат прекршени зборовите дадени таму, односно потписите.

ПАНЧЕ МИНОВ:

Изразувам целосна поддршка на декларацијата за Југославија донесена од Европската заедница, како и на воведните излагања на господинот Глигоров и господинот Тупурковски и сметам дека оваа Декларација претставува израз на континуираниот конструктивен однос, голема заинтересираност на Европската заедница за решавање на југословенската криза по мирен и демократски пат.

Декларацијата е во согласност со досегашната официјална политика на Собранието на Република Македонија со нејзината декларација за сувереност, Платформата за идното државно и уставно уредување на југословенската демократск азаедница, со Брионската декларација што ја прифати овој Парламент, односно таа кореспондира со нашите од почеток јасни ставови и заложби за мирни преговори и договарања за идната југословенска демократска заедница против употребата на сила и решавање на меѓусебните судири на присилен начин со воени дејствија, против политиката на свршен чин и насил-
но менување на територијалните граници. Воедно оваа Декларација дефинитивно ги отфрла сите опции на употреба на сила, насилно преку војна, решавање на споровите и менување на територијалните внатрешни граници. Таа дава оценка и ги осудува актерите на воената варијанта во југословенската криза и го признава и упатува на Претседателството на СФРЈ како легален сојзен орган во функција на врховна команда да ја контролира и прекине нелегалната употреба на сила кои се тие елементи од вооружените сили кои се под нејзина команда.
Посебно значење во Декларацијата има нејзиното недвосмислено предвидување, гаранции на внатрешните граници и заштита

на човековите права и слободи на граѓаните, без разлика каде тие живеат во Југославија.

Интернационализацијата на југословенската криза повеке од сигурно е неопходна и во таа смисла мировната конференција за Југославија.

Меѓународната арбитража за решаваше на мегународните судири.

Проширувањето на мировната мисија и во Хрватска, не значат во никој случај мешање во внатрешните работи во Југосалвија туку директен и непосредне придонес на мегународната заедница за пораз на војната и победата на мирот, демокртијата и договарањата во решавашето на југословенската криза.

Од суштината и содржината на декларацијата недвомислено произлегува и се потврдува исправниот пат на Република" Македонија во изградувањето на нејзината суверена и самостојна државност со референдумско изјаснување на југословенскиот народ и граганите во Макеоднија, со право од нив како мандат стекнато преку рамноправни договори да се стапи во сојуз на суверени држави на Југославија.

КИРО ПОПОВСКИ:

Се добива впечток дека најизменичното настапување на одделни пратнеиц од пратнеичките групи како еден формален чин на поддршка на декларацијата за Југославија од европската з аедница и посебна поддршка на почитуваните, претседателот Киро Глигоров и господинот Тупурковски.

Мојот настап не го, од името на пратнеичката група на Социјалистичката партија, сметам како формален чин туку напротив поддршката од името на пратнеичката група што сакам да ја  изразам кон декларацијата за Југославија од Еворпската з аедница и од изла-

гањето на господинот Киро Глигоров и господинот Тупурковски имаат длабока суштина која претставува израз на досегашната политика што овој Парламент ја остваруваше на тој план и придонесот што го даваше за разрешување на југословенската криза, но едновремено тоа з начи и потврда на исправноста на таа политика што нашиот парламент ја водеше и настојуваше да стана доминантна во односите мегу републиките з а разрешувањето на југословенската криза.

Давајќи целосна поддршка, реков на декларацијата за Југославија на Еворпската заедница, непобидно карактерот и содржината и акцентите изнесени во неа укажуваат на неколку основи непобидни факти.

Прво очигледно е дека ова е последен обид на европската заееница со своја мировна мисија да помогне во раз решувањето на југословенската криза

Второ дека жариштата и сукобите во Југославија добија такви размери што претат врз стабилноста на цела Европа.

Трето не постојат, очигледно сили кои може да обезбедат врз рамноправни основи по мирен пат на разрешување на југословенската криза. Оттаму самата содржина и постпака понудени во декларацијата за Југославија, обезбедува мирен и демократски пат на разрешување на југословенската криза, обезбеди она што ние за целиот обој приод се залагавме, запирање на сите вооружени судири и она што е најбитно никој не го одзема суверенитетот на ниедна република, туку напротив рамноправен теретман во разрешувањето на југословенската криза во која функција и европската заедница се јавува како конструктивен елемент во договарањето на суверените републики односно народи во Југославија. Од тој аспект мислам дек апридонесот што еворпската заедница го дава овозможува врз уставен и демократски пат разрешување на југословенската криза а со тоа и остварувањето на зацртаната политика што Македонија и овој Парламент ја оформуваше визави веќе закажаниот референдум односно претстојниот устав со што врз уставен

и редовен пат се вклучуваме и даваме придонес на југословенската криза. Од тој аспект з аслужува целосна поддршка овој Парламент односно сите парламентарни групи да дадеме на оваа иницијатива од европската  заедница.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Пратнеичката гурпа на ВМРО ДПМНЕ му предлага на македонскиот парламент во целост' да ги прифати предлозите на Европската заедница содржани во Декларацијата усвоена на вонредниот состанок на министрите за надворешни рајобит на заедницата, одржан на 27 август во Брисел.

Предлагаме со таквиот свој заклучок да се запознае прет-седателството на СФРЈ како и Европската заедница.

Од текстот на Декларацијата посебно сакаме да обрнеме внимание на ставовите, пред се на ставот за општ и ефикасен прекин на огнот и засложбата кризата да се реши по мирен и демокртски пат. Ставот за почитување на волјата на народот и почитување на човековите права, непризнавањето на менувањето на границите по насилен пат, осуда на поедини делови на ЈНА  кои што се ставаат на српска страна во судирот. Поддршка на мировниот план на Европската заедница, како и на предлозите кои што се содржани во Декларацијата за свикување на мировна конференицја како и формирање на арбитражна комисија.

Не е нескромно да истакнеме дека содржината на усвоена Декларација во голема мера се поклопува со ставовите на нашата пратеничка гурпа кои што беа доставени до министрите на Европската заедница непосредно пред конференцијата во Брисел, кои што според нашите сознанија наидоа на добар прием. Бидејќи истите не ги објавија средствата за информирање со оглед на нивната актуелност би сакале на оваа прилика да го запознаеме парламентот како и македонската јавност со следните ставови на пратнеичката група:

1. Задржувањето на македонските војници во ЈНА од страна на нејзиниот Генералштаб е спротивно на нивната волја, на волјата на нивните родители и на официјалните ставови на највисоките македонски органи,
2. Тврдокордниот став и оглушувањето на Генералштабот на ЈНА во врска со барањата на македонската, босанската и хрватската јавност за повлекување на армијата во касарните и враќањето на војниците во нивните матични републики, претставува грубо кршење на елементарните човекови права и е во спротивност со општоприфатените начела и принципи на меѓународната заедница.
3. Единствениот начин на ефикасна заштита на македонските војници во ЈНА, надвор од Македонија, е итно суспендирање на Сојузниот закон за Народна одбрана и итно донесување на Закон за народна одбрана на Република Макеоднија..
4. Престанувањето на непријателствата во Хрватска и повлекувањето на армијата во касарните претставува основниот предуслов за мирно разрешување на југословенската криза и за дефинирање на односите помеѓу итните самостојни членки на југословенската конфедеративна заедница.
5. Во отсуство на добра волја на завојуваните страни и оддолговлекувањето на сојузното Претседателство и Сојузната Влада во утврдувањето на завојуваните страни, единствен начин за прекин на огнот и елиминирање на можноста за негово проширување во другите републики, претставува интернационализација на судирот и директна европска арбитража.
6. Најновиот развој на настаните во Хрватска ја разоткри конечно вистинската улога на ЈНА. Стана сосема јасно дека ЈНА е ставена само на едната страна, со што таа го загуби атрибутот Народна, на што нејзиниот Генералштаб и понатаму инсистира.

Ја користам можноста како пратнеичка група да изразиме јавен протест против дрскиот и нецивилизиран однос на Генералштабот на ЈНА кон оправданите барања на хрватските, босанските и македонските мајки

Ние како Парламент и Република не смееме да ги доведеме мајките од Република Македонија да ги доведеме во таква ситуација.

Доколку и натаму бидеме пасивни посматрачи и се наоѓаме во ситуација на постојано исчекување ке сносиме одговорност за евентуално изгубените човечки животи. Тоа никој нема да ни го прости. Затоа ние и порано на неколкупати и сега јасно и децидно истакнуваме дека донесувањето на Републичкиот закон за народна одбрана е императивна потреба.

На крајот уште еднаш изразуваме поддршка на Декларацијата како прилог на мирот што е наша заедничка заложба, чии израз е и претстојниот референдум кој се повикува на неприкосновената волја на македонскиот народ и неговото право да живее во сопствена суверена и самостојна држава.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Се плашам дека после сите овие дискусии, а пред се после говорот на претседателот на Републиката и членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија, не останува многу простор да се искажат некои нови аргументи заради кои треба да се поддржи Декларацијата на Европ-ската заедница. Меѓутоа, јас сум должен пред Парламентарната група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, а и прет Централниот одббр на социјалдемократскиот сојуз, бидејќи во саботата ја одржа својата седница и накоја што веке даде поддршка на Декларацијата на Европската заедница и овде на оваа седница да ја искажам таа поддршка и да ја поздравам таа Декларација пред се од причини што сметаме дека овој до-

Кумент и потез на Европската заедница овозможува создавање на услови за примирје во Југославија, создава услови  за воведување на меѓународна контрола на тоа примирје, бидејќи  сите  оние други обиди кои што беа тука, внатрешни, покажаа дека таму неколку дена тоа примирје може стотици пати да биде прекршено.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Пред се, ги поздравуваме ставовите кои говорат во прилог на тоа дека не се прифаќа политика на свршен чин, дека не се прифаќа менување на границите, било надворешни, било внатрешни без спогодба, значи по насилен пат. Ги прифаќаме определбите кои говорат за тоа приоритетна задача е да се почитуваат човековите права и слободи во Југославија и за таа работа треба да се води сметка без оглед каков договор и во која форма ќе се постигне.

Бидејќи се друго беше кажано, можеби на поопширен и поквалитетен начин, јас на крајот, незнам дали има некои други говорници после мене, би ја искористил оваа можност уште еднаш прашањето на оваа Декларација да го поврзам со прашањето што стои пред сите граѓани на Македонија, на 8 о.м., во недела, кога треба да се изјаснуваме на референдумот за создавање на самостојна и суверена македонска држава со право на стапување во идниот сојуз на суверени држави на Југославија.

Сметам дека и овој став и овој потез на Европската заедница покажува дека целокупната политика на Република Македонија водена во периодот што стои зад нас, уште еднаш го положи испитот и се покажува дека овој референдум доаѓа во вистински момент. Ниту прерано, за да се создадат хаос и безредија во Македонија, ниту предоцна за македонскиот народ и сите граѓани на Македонија да добијат можност и пред Европската заедница го искажат својот став за иднината и на Македонија и на Југославија.

Од тие причини, само уште еднаш би ја искористил оваа прилика да ги повикам сите граѓани и во име на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, меѓутоа и во име на овој Парламент да ја искористат шансата на 8 септември, масовно да излезат на гласачките

места и да го дадат својот. глас за самостојна и суверена македонска држава со право да стапи во сојуз на суверени држави на Југославија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој друг бара збор? (Никој друг не бара збор).

Дозволете ми неколку напомени пред да минеме на заклучување.

Расправата покажа дека ние денеска на дневен ред имаме документ од исклучителна историска вредност. Мислам дека го изразувам мислењето на сите учесници во расправата и сите членови на Парламентот дека синоќното потпишување на оваа Декларација од страна на сите претседатели на републиките, претседатели на претседателствата претставува стратегиска пресвртница во текот на југословенската криза.

Веќе од тој момент па наваму ние можеме да имаме изливи на насилие, појави на закани, но само како инциденти, а не како концепција, како политика која може да се брани и да се оправдува со било која цел и да се брани со било кој аргумент. Сите републики, мировната опција и демократскиот пат за расплет на овој начин го прифатија.

Ние знаеме дека секој следен чекор ќе оди со многу натегања, со многу тешкотии. Се работи за реални интереси на средини, но исто така се работи и за политички обврски и ситуации во кои се навлегло, имајќи и следејќи една погрешна политика во некои средини. И, нема да биде лесно да се излезе од тоа. Од таму ќе се раѓаат и одредени обиди духот на Декларацијата да се приспособи на својата политика, да се прикаже како своја и т.н. Тука

Да не спомнувам дека сигурно, во слични ситуации се наоѓал повеќе пати и господинот Тупурковски, дека морал на сли-чен начин да постапува. Јас верувам дека нашиот претседател ќе биде во слични ситуации и понатаму и дека ќе мора на ист начин да постапува.

Оттаму, ние сега, а во нашите заклучоци треба поцелосно да се определиме, да бидеме свесни за сите тешкотии што ни претстојат и со кои ќе се среќаваме, но да бидеме цврсто убедени дека доаѓа едно време во кое позицијата на Републиката станува важен фактор и во земјата и пошироко.

Сакам при тоа да кажам и при тоа посебно да потенцирам, некои од говорниците овде рекоа дека нашиот референдум доаѓа во еден посебен момент. Мислам дека е време сите партии да се ослободат од некои опсесии или некои други преокупации што ги има во дневната политичка борба во настојувањето да се добијат повеќе привзаници за идните избори или не знам за што и сега да се свр-тат дека расудувањето на луѓето, дека потребата од нив, дека колку се на услуга на народот, колку на луѓето навистина им служат за остварувањето на нивните исконски цели ќе зависи од тоа колку тие политички партии ќе го почувствуваат основниот интерес на луѓето да се обезбеди мир и демократија, а Македонија да има достој-но место во иднината на Балканот овде, во оваа земја, во Европа.

Оттаму, мислам дека референдумот е испит за сите нас и токму референдумот и неговиот позитивен исход фактички е најсилниот адут за оваа позиција што ја имаме сега со која сакаме да настапиме во Мировната конференција и затоа сите граѓани, ова Собрание, мислам дека во ваше име можам да кажам, сите граѓани треба навистина како свој долг спрема сопствениот живот, сопствената иднина и иднината на своите деца, на своите семејства, на својата држава

4. Собранието му. изразува посебно признание на претсе-дателот на Советот на министрите на Европската заедница, господин Ван Ден Брух министер за надворешни работи на Холандија, за неговото лично ангажираше и придонесот што го вградува во напорите на Европската заедница за мирно разрешување на југословенската криза.

5. Собранието се обраќа до собранијата на сите републи-ки и до сите значајни фактори во републиките и Федерацијата со барање стриктно да се придржуваат до одредбите на Декларацијата
и другите потпишани документи.

6. Овој заклучок да се достави до: Владата на Република Македонија, до Претседателството на СФРЈ, до републичките собранија и до Советот на министрите на Европската заедница.

Кој е за, молам да крене рака. (Сите пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека прочитаниот текст на заклучоците е едногласно усвоен.

(Сите пратеници станускаат и аплаудираат на едногласно усвоените заклучоци).

Бидејќи е исцрпен дневниот ред, ја заклучувам Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 19,15 часот).